Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-411/11
14-09-2023 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-411/1 од 23.06.2023 година поднесена од лицето [redacted] од Скопје, со живеалиште на [redacted] во Скопје, против Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, со седиште на ул. „Димче Мирчев" бр. 9 во Скопје, за сторена дискриминација врз основ на личен или општествен статус во областа на работата и работните односи и членувањето и дејствувањето во синдикални, политички партии, здруженија на граѓани и фондации или други организации засновани на членство, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа член 27 став (1) од Законот за спречување и заштита од дискриминација ("Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 258/2020) на 13.09.2023 година го донесе следново

## МИСЛЕЊЕ

**СЕ УТВРДУВА ДИРЕКТНА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз лицето [redacted] од Скопје врз основа на личен или општествен статус – стекнато образование, во областа на работата и работните односи, сторена од страна на Претседателот на Комисијата за распоредување и унапредување на полициски службеници при Министерството за внатрешни работи на Република Северна Македонија - [redacted] директор на Биро за јавна безбедност и од страна на Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија.

## Образложение

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во понатамошниот текст: Комисијата ) поднесена е претставка заведена под архивски број 08-411/1 од 23.06.2023 година, од подносителот [redacted] од Скопје, против Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: МВР Скопје), за сторена дискриминација врз основа на личен или општествен статус - член и помошник Генерален секретар на Независен синдикат на полицијата, во областа на работата и работните односи и членувањето и дејствувањето во синдикални, политички партии, здруженија на граѓани и фондации или други организации засновани на членство.

Имено, подносителот на претставката најнапред наведува дека е член и помошник генерален секретар на Независниот синдикат на полицијата. Подносителот наведува дека на 24 декември 2018 година, два дена по неговиот избор за помошник генерален секретар и по одржана прес конференција на која укажал за недостигот на

униформи во полицијата, врачено му е решение за прераспоредување од полициската станица во „Аеродром" во полициска станица „Блаце" до каде секојдневно поминува 55 километри во еден правец. До 2022 година именуваниот работел како полицаец во ПС Аеродром, а во текот на трите последователни години додека работел таму во повеќе наврати поднесувал барања за прераспоредување во друга организациони единици, меѓутоа ниту едно не е прифатено.

Во декември 2021 година, подносителот одржал прес конференција на која укажал за долгогодишниот проблем во МВР, поточно распоредување на кадар со несоодветно образование на работните позиции предвидени во актот за систематизација на МВР. Кратко по одржаната прес конференција [redacted] добил ново решение за прераспоредување на работно место полицаец – администратор во полициската станица „Блаце", со што неговата плата се намалува за приближно 10.000 денари на месечно ниво.

Подносителот со предметната претставка има за цел да укаже на нерегуларности при избор на вработен на Интерен оглас објавен со телеграма број 22.6-47 од 16.02.2023 година, на кој тој имал конкурирано под Точка 1. Точката 1 од Огласот е за работно место Инспектор раководител на смена во Полициска станица за граничен надзор „Блаце" и во истиот е наведено дека за ова работно место се бара лице со завршени економски, правни науки или безбедност, а вработено е лице со завршен Медицински факултет – студии по Радиологија.

На 06.07.2023 година од страна на Комисијата испратено е Известување за произнесување по наводи во претставка заведено под архивски бр. 08-411/2 до Министерството за внатрешни работи. На 26.07.2023 година до Комисијата пристигна Произнесување по наводите од претставката под Рег. Бр. 22.6-82127/1 од страна на Министерството. Во одговорот потенцијалниот дискриминатор наведува дека синдикалните активности на работниците не претставуваат услов за нечие распоредување или унапредување, ниту пак станува збор за било каква дискриминација на работникот. На Интерниот оглас бр.22.6-47 од **16.02.2023** година за пополнување на работното место Инспектор – раководител на смена во ПС „Блаце", пријавени биле 5 (пет) кандидати, а Комисијата за распоредување и унапредување на полициски службеници го избрала лицето [redacted] – полицаец во ПС „Блаце".

Во Произнесувањето се наведува дека <u>Комисијата за распоредување и унапредување полициски службеници при изборот на</u> [redacted] <u>за наведеното работно место, покрај исполнување на условите, го земала во предвид и Мислењето од началникот на Регионален центар за гранични работи Север –</u> [redacted]. Во таа смисла, согласно произнесувањето, началникот доставил Известување бр.22.17-1551/1 од **04.07.2023** година, во кое е наведено дека [redacted] има долгогодишно работно искуство и ја познава работата во областа на граничните работи, како и тоа дека поставените работни задачи ги извршува ефикасно и навремено, доверлив е во работата, соработува со колегите и ја поддржува

тимската работа, при што раководителот смета дека овие критериуми го прават именуваниот соодветен за избраното работно место".
Во однос на наводите за тоа дека [redacted] секојдневно патува на подолга релација од дома до работното место и назад, се посочува дека министерството има организиран превоз за работниците кои се распоредени во ПС „Блаце".
По однос на наводите кои се однесуваат пак на месечниот износ на неговата плата и дека со прерспоредувањето му се нанесуваат финансиски загуби, министерството ги отфрла како неточни. Имено, [redacted] со Решение бр. 22.6-120720/1 од 31.12.2021 година од работното место помлад полицаец во ПС за ГН Блаце е унапреден на работно место полицаец администратор – ракувач со МТС во ПС за ГН Блаце, со што платата од 530 бодови му е зголемена на 540 бодови.

Заради целосно утврдување на фактичката состојба и соодветно постапување по поднесената претставка, а со оглед на наведеното во претставката и во Произнесувањето по истата, Комисијата со Допис под архивски бр. 08-411/6 од 04.08.2023 година се обрати до [redacted] на Бирото за јавна безбедност при МВР, кој е потпишан како Претседател на Комисијата за распоредување и унапредување на полициски службеници, а која го извршила изборот на кандидат по Интерен оглас за работно место Инспектор-раководител на смена во ПС за ГН "Блаце". Со Дописот Комисијата за спречување и заштита од дискриминација побара дополнителен податок за тоа кој услов, околност е земен како одлучувачки при изборот на кандидатот [redacted] за наведеното работно место, а со оглед на фактот дека именуваниот видно од доказите има завршено Медицински факултет – студии по Радиологија и стекнати 180 кредити. Дополнително Известувањето број 22.17-1551/1 со препораки за именуваниот од началникот на РЦ за ГР Север е со датум од 04.07.2023 година, дадено неколку месеци по извршениот избор на кандидатот по Интерниот оглас. Наведеното во контекст да, исто така видно од доказите кандидатот Мартин Ефремов е со завршен Правен факултет и положен правосуден испит.

На 17.08.2023 година до Комисијата доставен е Одговор под Рег. Бр. 22.3-87855/1 од страна на [redacted] Во одговорот се наведува дека Комисијата при изборот на [redacted] за наведеното работно место, покрај исполнувањето на условите, го земала во предвид и мислењето од Началникот на РЦ за ГР Север – [redacted] кој како променлив член на Комисијата учествувал на самата расправа каде ги изнел аргументите. Дополнително, [redacted] засновал работен однос во МВР сметано од 09.03.2015 година и истиот целото работно искуство и знаење го стекнал на работни места во Полициски станици за гранични проверки и надзор, односно својата кариера ја гради во областа. Додека пак, [redacted] засновал работен однос сметано од 01.09.2017 и истиот до 31.12.2018 година извршувал работни задачи во полициска станица од општа надлежност при СВР Скопје, а од 01.01.2019 година е распореден во ПС за ГН „Блаце". Согласно наведеното, а имајќи ги предвид работните кометенции на работникот, Комисијата за распоредување и унапредување

на полициски службеници, го избрала [redacted] за конкретното работно место.

Заради горенаведеното, на 16.08.2023 година Комисијата се обрати со Допис бр. 08-411/7 до началникот на РЦ за ГР Север, [redacted] и побара одговор од кои причини неговото Мислење е дадено неколку месеци по донесување на Одлуката за избор на [redacted] за работно место Инспектор – раководител на смена во ПС за ГН "Блаце". Во Одговорот бр. 22.17-1954/1, **спротивно на изнесеното во Произнесувањето од МВР и во Одговорот доставен од** [redacted] – [redacted] **во Бирото за јавна безбедност**, се наведува дека: Известувањето бр. 22.17-1551/1 од 04.07.2023 година, **не претставува Мислење за избор на кандидат, туку произнесување на началникот** [redacted] **во врска со претставка поднесена од** [redacted] **до Оддел за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди препратена до Оддел за заеднички работи и управување со човечки ресурси при МВР**. Притоа наведува дека изборот на кандидатот е направен од страна на Комисијата за распоредување на полициски службеници во Бирото ја јавна безбедност – МВР по објавен интерен оглас.

Врз основа на наводите во претставката, одговорот по истата, како и Барањата за дополнителни податоци од значење за соодветно постапување и одлучување по претставката, кои претставуваат релевантен доказ, Комисијата ја констатира следната фактичка состојба: подносителот на претставката [redacted] од Скопје, конкурирал на Интерен оглас – Телеграма број 22.6-47 од 16.02.2023 година за работно место под Точка 1 - Инспектор-Раководител на смена во ПС за ГН "Блаце". Согласно условите наведени во огласот, за конкретното работно место се барале 180 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен; Факултет од областа на безбедноста, Правен факултет или Економски факултет; работно искуство од 2 години и познавање на работа со компјутер. Подносителот на претставката кој конкурирал на огласот за наведеното работно место, заедно со уште четворица други кандидати, е вработен во МВР сметано од 01.09.2017 година, а во моментот на објава на огласот бил на работно место - Полицаец администратор и ракувач со МТС во ПС за ГП Долно Блаце, РЦ ГР Север, сметано од 01.01.2022 година. Истиот е со високо образование – Правен факултет, стекнати 300 кредити и положен правосуден испит. На интерниот оглас под горенаведениот број и датум за работното место Инспектор – раководител на смена во ПС за ГН Блаце избран е кандидатот [redacted] вработен во МВР сметано од 09.03.2015 година, во моментот на објавување на огласот е на работно место полицаец со решение сметано од 15.11.2022 година во ПС ГП Долно Блаце. Истиот е со високо образование – **Медицински факултет – студии по Радиологија** и стекнати 180 кредити. Согласно Произнесувањето од МВР-Скопје, при изборот на кандидатот за наведеното работно место, Комисијата за распоредување и унапредување на полициски службеници, со [redacted] покрај исполнувањето на условите, го земала предвид Мислењето од началникот на РЦ за ГР Север, Бобан Димитровски дадено за избраниот кандидат [redacted]. Во својот Допис пак, началникот [redacted] **спротивно на Произнесувањето на МВР и**

**Одговорот доставен од** [redacted] **во Бирото за јавна безбедност**, негира дека дал Мислење за избор на кандидат туку дека тоа е произнесување во врска со Претставка поднесена од вработениот Мартин Ефремов поднесена до Оддел за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди, во врска со извршениот избор по Интерниот оглас објавен со Телеграма број 22.6-47 од 16.02.2023 година.

**Во смисла на наведеното, потенцијалниот дискриминатор – МВР Скопје не достави ниту еден доказ, односно аргументација од која може да се утврди дека лицето** [redacted] **не бил ставен во понеповолна положба од избраниот кандидат** [redacted] **а во однос на неговите стручни квалификации и стекнато образование, освен Мислењето на** [redacted] **на кое се повикува во произнесувањето. Дополнително што не се работи за мислење за избор на кандидат туку произнесување од началникот по претставка поднесена од лицето** [redacted] **од Скопје.**

Следствено, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека во конкретниот случај од страна на Министерството за внатрешни работи, преку Комисија за распоредување и унапредување на полициски службеници претставувана од Претседателот на Комисијата – [redacted] врз лицето [redacted] од Скопје е сторена директна дискриминација врз основа на личен или општествен статус – стекнато образование, во областа на работата и работните односи. Наведеното со обележја на акт на дискриминација согласно член 6 од Закон за спречување и заштита од дискриминација според кој *дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други*, а во врска со член 5 од истиот закон согласно кој *се забранува секоја дискриминација врз основа на раса, боја на кожа, потекло национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, друго уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа.*

Во таа смисла согласно член 21 став (1) точка 14, а во врска со член 27 став (2) од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ги дава следните

# ПРЕПОРАКИ

1. **СЕ ПРЕПОРАЧУВА** Министерството за внатрешни работи да ги отстрани последиците настанати како резултат на сторената директна дискриминација спрема лицето [redacted] од Скопје и да го поништи Интерниот оглас број 22.6-47 од 16.02.2023 година во делот на Точка 1 и да ја повтори постапката за избор на кандидат за работно место Инспектор – Раководител на смена во Полициска станица за Граничен надзор Блаце и за истото писмено да ја извести Комисијата во рок од 60 дена од денот на приемот на ова мислење;
2. **СЕ ПРЕПОРАЧУВА** Комисијата за распоредување и унапредување на полициски службеници при Министерството за внатрешни работи во иднина при избор на кандидати пријавени на Интерни огласи да врши избор на кандидати со почитување на условите предидени во огласите и да се воздржи од преземање на дејствија кои претставуваат акт на дискриминација.

Министерството за внатрешни работи треба да го исполни препорачаното, а доколку не постапи согласно оваа препорака, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, врз основа на надлежностите од член 27 став (4) од Законот за спречување и заштита од дискриминација, ќе поднесе барање за покренување на прекршочна постапка пред надлежен суд за прекршоци.

Известител – член на КСЗД, **Лимко Бејзароски.**

Скопје
13.09.2023 година

**Комисија за спречување и**
**заштита од дискриминација**

**Претседател на Комисијата**
**Исмаил Камбери**

Доставено до:
- Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул. „Димче Мирчев" бр. 9, Скопје
- [redacted]
- Архива на КСЗД